# Искуствено учење низ супервизискиот процес

Емилија Стоименова Цаневска

Свесноста за комплесноста на супервизискиот процес е вткаена во праксата на секој кој се бави со психотерапија, иако самиот супервизиски процес не е нужно врзан само за неа. Имено, за супервизијата говориме во сите сфери на психолошката пракса. Самиот процес со својата релациска поставеност и комплексност, нужно бара континуитет во учењето, а искуственото учење овозможува тој процес да биде многу потраен и со тек на времето отелотворен.

Во оваа работилница акцент ќе биде ставен на тоа како да се подготвуваме за супервизија, поквалитетно да влегуваме во неао и како повеќе да учиме низ самиот процес.

Сето тоа донесено низ перспектива на искуственото учење ќе овозможи учесниците да се здобијат со практично искуство и тероетска размена.

Клучни зборови супервизија, искуствено учење, психотерапија